# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

***на***

***Предлог Буџетот на Општина Крушево за 2025 година***

Буџетот на Општина Крушево за фискалната 2025 година се подготвува по насоките за подготовка на Буџетите на ЕЛС за 2025 година дадени во буџетскиот циркулар  добиен од Министерството за финансии под бр.08-9548/1 од 28.09.2024год. наш број 914/1 од 09.10.2024 година.

Во 2025 година растот на БДП се плабнира да биде поголем од 3% , а просечната стапка на инфлација  се очекува да се движи  од 2-2,5% при што Народната Банка се очеку да спроведи навремени мерки и активности  за одржување на ниската инфлација, стабилниот девизен курс и ефикасноста на финансискиот сектор.

Буџетот на ЕЛС претставува годишен план на приходи ,други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет , буџетот на дотација,буџетот на донација,буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.

Буџетот на единиците на локалната самоуправа содржи: општ ,посебен и развоен дел.

1. **Општиот дел ги** содржи вкупните приходи и другите приливи вкупните расходи и другите одливи   за фискалната година како и глобални проекции на приходите, приливите,расходите и одливите за наредните две гдини.

   Општиот дел содржи:

   - Консолидиран биланс на приходи и расходи;
   - Функционална класификација на расходи;

- Биланс на тековно – оперативни приходи и расходи;
- Биланс на капитални приходи и расходи

2. **Посебниот дел** содржи план за одобрени средства по програми,потпрограми и ставки за фискалната година. Во посебниот дел се прикажуваат расходите според класификацијата на расходите што ја пропишува министерот за финансии, групирани според корисници и програми.
3. **Развојниот дел** – ги содржи плановите за програмирање за развојнипроекти.Во развојниот дел на буџетот се прикажуваат среднорочните планови за програми за развој наменети за развојни инвестиции одобрени од Советот на општината.Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрените средства по:
   - одделни буџетски програми и подпрограми;
   - години во кои истите ќе се реализираат и
   - извори на финансирање, односно буџети

Општина Крушево во 2024 год. не донесе развојни програми за 2025-2027 год. од причина што нема повеќе годишни развојни програми.

Соогласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа е утврдено дека сопствените приходи на основниот буџет на општините за 2025 година (даночни приходи,неданочни приходи,капитални приходи и трансвери без дотација од данокот од додадена вредност) се планирани со пораст од 10% од просечно остварените приходи од последните три години. Општина Крушево во основниот предлог буџет за 2025 год. може да планира сопствените приходи во износ од **41.612.772,00**.

Општината може да го надмине максимално утврдениот износ доколку обезбеди потврда за трансфер на средства од соодветна институција или во случај на промени кои се однесуваат на виината

и видот на сопствените приходи на основниот буџет , утврдени со закон.

Општина Крушево потпиша два договори со Министерството за транспорт и тоа:

- Дог.бр.03-966/1 од 28.10.2024 год. за реконструкција на општински пат с.Врбоец - с.Свето Митрани на износ од **631.526,00**.

-Дог.бр.03-965/1 од 28.10.2024 год. за Реконструкција и доградба на улица крак 1 во с.Јакеново - Општина Крушево на износ од **22.058.282,00.**

**Вкупно проектираниот приход за предлог Буџет 2025 година износ од 235.192.738,00 .**

1. **Вкупно проектираниот Основен Буџет за 2025 година 94.469.738,00**

- Дотација од ДДВ за 2025 год.изнесува **23.632.158,00**.     .

-Максимален износ на сопствени приход износ од **41.612.772,00**.

- Општината може да го надминува максималниот износ на планирани сопствени прходи на основниот буџет за **22.689.808,00** - одобрени средства од Министерство за транспорт - за реализација на проектот:

- Реконструкција на општински пат с.Врбоец - с.Свето Митрани на износ од **631.526,00** и
- Реконструкција и доградба на улица крак 1 во с.Јакеново - Општина Крушево на износ од **22.058.282,00.**

- Износ од **6.535.000,00** е дел од салдото на буџетската сметка 740014057663016 на Општина Крушево кои ќе се буџетираат за 2025 год. како пренесен вишок на приходи од претходна година.

**2. Вкупно проектираниот Буџет од самофинансирачки активности изнесува 4.550.000,00 и тоа поодделно по корисници:**

| | | |
|---|---|---|
| ОУ Св.Кирил и Методиј с.Бучин програма Н1 | | 10.000,00 |
| ООУ Никола Карев – Крушево програмаН1 | | 80.000,00 |
| Детска градинка Гонча Туфа | програма В1 | 3.900.000,00 |
| Дом на култура Н.Н.Борче | програма К1 | 160.000,00 |
| СОУ Наум Наумоски Борче | програма В1 | 400.000,00 |
| | **Вкупно:** | **4.550.000,00** |

**3.Вкупно проектираниот Буџет од наменскатаи блок дотација изнесува 133.076.000,00 и тоа поодделно по програми:**

| | |
|---|---|
| - за основно образование | 81.704.000,00 |
| - за средно образование | 29.700.000,00 |
| -Блок дотација за дејно. од областа на култур. | 2.993.526,00 |
| -Блок дотација за детска заштита | 11.941.599,00 |
| **-**Наменска дотација за пожарникари | 6.737.000,00 |
| **Вкупно:** | **133.076.125,00** |

Заокружено на 133.076.000,00.

**4.Вкупно проектираниот Буџет од донација изнесува 3.097.000,00**

Во буџетот на донации е вклучен грант од програмата ЕРАЗМУС ПЛУС потпишан помеѓу ООУ Никола Карев - Крушево и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност на износ **2.247.000,00** на програма Н1.

Општина Крушево доби известување од УНДП дека се доделени бараните средства од донаторот износ 550.000,00 и износ за кофинансирање на грантот од општина Крушево 315.000,00 од кои 15.000,00 за трошок за управување со проектот. Вкупно буџетирани средства за овој проект се **850.000,00**.

Буџетот во висина од **235.192.738,00** како целина е консолидиран буџет составен од неколку посебни буџети како делови и тоа:

1. Основен Буџет во висина од 94.469.738,00 денари или учество од 40.17 % од вкупно проектираниот буџет;
2. Буџет на приходи од самофинансирање на корисниците во висина од 4.550.000,00 или 1.93 % учество во вкупниот Буџет;
3. Буџетот на дотација, наменски дотации во висина од 133.076.000,00 денари 56.58 % учество во вкупниот Буџет;
4. Буџетот на приходи од донација износ 3.097.000,00 денари или 1.32 % учество во вкупен буџет.

**Вкупни приходи планирани во износ од 235.192.738,00 денари и тоа по видови се:**

1. Даночни приходи износ од **26.916.000,00** наспроти истите планирани во 2024 год.24.755.000,00

2. Неданочни приходи износ **10.361.772,00** денари наспроти истите во 2024 год. 6.334.700,00.

3. Капитални приходи износ од **6.585.000,00** наспроти истите во 2024 год. 1.555.000,00 .

4. Приходи од дотација износ **133.076.000,00** денари наспроти истите во 2024 година 124.079.000,00.

5. Донации износ од **3.097.000,00** наспроти истите во 2024 год.1.778.000,00.

6. Трансфери- планирани приходи **48.621.966,00** наспроти истите во 2024 год. 54.887.000,00.

7. Депозит износ **6.535.000,00** наспроти истите во 2024 год. 40.393.000,00 .

Споредбата за 2024 год. се однесува на вториот ребаланс.

**Вкупни планирани расходи износ од 235.192.738,00 денари се поделени на:**

- Расходи од утврдени намени 233.352.738,00
- Резерви 660.000,00

- Со буџетот се планира и одлив односно отплата на главница износ 1.180.000,00 доспеваат во два ануитети за отплата на водомери и метларка

Расходите во вкупен износ од 235.192.738,00 по основни намени се утврдени во билансот на расходите и тоа:

- Капитални расходи износ 31.223.738,00 и процентот на учество во вкупните расходи е 13.28 %;
- Тековно оперативни расходи во износ 203.969.000,00 ден и процентот на учество во вкупните расходи е 86.72 %.

Вкупниот буџет е 235.192.738 ,00 и ги содржи следните расходи:

- Основни плати и надоместоци износ 145.059.000,00 или процент на учество на вкупните расходи во основниот буџет од 61.68 %.
- Резерви и недефиниранои расходи износ 660.000,00 или процент на учество на вкупните расходи во основниот буџет од 0,28%
- Стоки и услуги износ 51.190.000,00 или процент на учество на вкупните расходи во основниот буџет од 21.77%.
- Каматни плаќања износ 270.000,00или процент на учество на вкупните расходи во основниот буџет од 0,11%.
- Субвенции и трансвери износ 5.076.000,00или процент на учество на вкупните расходи во основниот буџет од 2.16%.
- Социјални бенефиции износ 534.000,00или процент на учество на вкупните расходи во основниот буџет од 0,23%.
- Капитални расходи износ 31.223.738,00 или процент на учество на вкупните расходи во основниот буџет од 13.27 %
- Отплата на главнина износ 1.180.000,00или процент на учество на вкупните расходи во основниот буџет од 0,50%.

**1.Основниот буџет**

**Програма А0** -потпрограма А00- Совет на Општината планирани расходи износ од **4.136.000,00** во основниот буџет за 2025година во споредба со планираните 4.499.000,00 со вториотребалансот на буџетотза 2024 година;

**Програма А1** – Изборни активности и референдуми планирани 1.000.000,00 имајки во предвид дека 2025 година се локалните избори;

**Програма Д0** -потпрограма Д00- градоначалник износ од **3.181.000,00** во основниот буџет за 2025 год. во споредба со планираните 3.167.000,00 со ребалансот за 2024 година. Резервите се планираат според планираните тековно оперативни расходи во делот на основниот Буџет за 2025 година. Во процент планирано во границите

до 3 % во случајот 1 %.Тој износ распределен е 46.97 % как<u>о постојани резерви</u> во потпрограмата А00 , 53.03% <u>како тековни резерви</u> во програмата Д0.

**Програма Е0** -потпрограма Е00-општинска администрација предлог износ од **29.017.000,00**во основниот буџет за 2025 год. во споредба со планираните со ребалансот за 2024 год. 27.847.000,00.

**Програма ЕАО** -Капитални трошоци на општината износ од **230.000,00**во основниот предлог буџет за 2025 год. наспроти 2024 год. со вториот ребалан планирано 193.000,00.

**Програмата Ф1-**програма за урбанистичко планирање во основниот буџет предлог за 2025год. **2.475.000,00**, а со ребалансот за 2024 година планиран износ од 4.951.000,00 денари.Тука се проектирани износите за изработка на проектни документации , техничка документација на геодетски услуги и изработка на урбанистички планови.

**Програма Г1** - потпрограма Г10- подршка на локалниот економски развој со буџетот за 2025 година во основниот буџет се предлага износ од **515.000,00** а во 2024 год. со вториот ребаланс планирани 183.000,00. За реализација на проектот Општинско корисна работа Општина Крушево учествува со 20% од средства од основниот буџет , а 80% од средства кои ги обезбедува Агенцијата за вработување .Сумата на паричните средства од 80% не е прикажана во вкупниот буџет за 20245 год. од причина што паричните средства 80% ќе бидат префрлени на наменска сметка . За оваа намена се планирани 200.000,00.

Во оваа програма е планирано и кофинансирањето на проектот - Изработка на техничка документација за реконструкција на градски пазар со воведување на мерки за енергетска ефикасност износ од 315.000,00

**Програма ГА** - Во оваа програма се планирани парични средства во износ од 150.000,00 за изработка на основен проект вклучвајки дизајн на други објекти.

**Програма Ј1 -** Снабдување со вода - проектиран расход од **3.174.000,00** во основниот буџет за 2025 год. наспроти планираните во 2024 год. износ 2.806.000,00 ден. Планирани се расходи за електрична енергија што се плаќа од преземениот долг од ЈП Комуна Крушево , материјали за водоснабдување , одржување на водоводна мрежа, камати и отплата на ануитетите за кредитното задолжување за поставување на водомерите во с. Нcorrectовоис. Св.Митрани.

**Програма Ј2** - Одведување и пречистување на отпадни води - планирани за 2025 год. 250.000,00 основниот буџет наспроти планираните за 2024 год. износ 560.000,00 ден.

**Програма Ј3** -потпрограма Ј30- јавно осветлување износ од **5.232.000,00** во споредба со планираните од 2024 год со ребалансот 5.482.000,00. Оваа програма ги опфаќа расходите поврзани со одржување на уличното осветлување и исплата на потрошената електрична енергија и новогодишното украсување.

**Програма Ј4- Јавна чистота –**предлог буџет од **2.404.000,00** во основниот буџет за 2025 год. наспроти планираните 1.746.000,00 ден во 2024 год. Во оваа програма се планираат расходи за оджување на јавната чистота , договорните работи кои се изведуваат со ангажирање на други лица за извршување на јавни работи кои се финансирани од Агенција за вработување на РСМ 80% и 20% од основниот буџет на Општина Крушево. Од оваа програма се исплаќа камата и главнината за набавена метларка.

**Програма Ј6** - потпрограма Ј60-одржување и заштита на локалните патишта, улици предлог од **4.749.000,00** во основниот буџет на општината за 2025 год во споредба со планираните 4.846.000,00 со вториот ребалансот од 2024 година.Оваа програма ги содржи,материјали за разни поправки, расходи за зимско одржување на улиците и патиштата во Општина Крушево во износ од 1.088.000,00 за непречено одвивање на сообракајот, за одржувањето односно рехабилитацијата на улиците и патиштата на територијата на општина Крушево се планира 1.000.000,00 од средствата доделени од Јавното

претпријатие за државни патишта планирани по нивната годишна програмаи и за крпење на дупки 1.000.000,00.

**Програма Ј8** -потпрограма Ј80- други комунални услуги – предлог буџет во износ од **40.000,00** за 2025 год. во основниот буџет , и исто толку планирани и во буџетот за 2024 година.Во оваа потпрограма се планирани расходи за дезинфекција,дезинсекција и дератизација на теритиријата на Општина Крушево.

**Програмата ЈД**-изградба и реконструкција на локални патишта и улици планиран износ од **23.999.738,00** во основниот буџет за 2025 год, наспроти планираните 49.032.000,00 ден со вториот ребалансот за 2024 год. Во оваа програма се вклучени нарачка за основни проекти за изградба и реконструкција на улици и патишта 100.000 Во оваа програма се вклучени и две потпрограми ЈДА и ЈДБ и тоа: планирани капитални расходи програма ЈДА ,,Реконструкција на општински пат во с.Св.Митрани и С.Врбоец ‘’- доделени средства од Министерство за транспорт **631.526,00** и учество на општината од **1.021.560.00 ,** односно вкупно планирани расходи 1.761.456. Потпрограма ЈДБ за проектот,,Реконструкција и доградба на улица крак 1 во с.Јакреново – Општина Крушевосредства доделени од Министерство за транспорт во износ од **22.058.282,00** и исто толкава сума е планирана.

**Програмата ЈФ** - Изградба на сообраќајна сигнализација планирани расходи од **2.250.000,00** за 2025 год. наспроти 2024 год. планирани 1.478.000,00 ден. . Овие расходи се планираи за изработка на сообраќаен проект за пат во с.Саждево, с.Јакреново и с.Борино и обиколнига за во градот Крушево и поставување на сообвраќајна сигнализација на пат од м.в Порта до м.в Мечкин Камен.

. **Програма ЈН**- урбана опрема -капитални расходи за 2025 год . износ **73.000,00** во основниот буџет наспроти 2024 год. износ од 90.000,00.

**Програма ЈГ –**Изградба на систем за водоснабдување планирани во основниот буџет за 2025 год. износ од 2.000.000,00 за реконструкција на пумпна стаица во с.Норово за водоснабдување на Крушево - фаза архитектура.

**Програма К4**- културни манифестации и творештва предлог од **1.103.000,00** во основниот буџет за 2025 год. наспроти сумата предложената во 2024 год. со вториот ребаланс 1.398.000,00 . Од оваа програма се реализират повеке културни манифестации.

**Програмата КА –** Културни манифестации и творештва – капитални трошоци планирани во 2025 год. 100.000,00 за измена и дополнување на изработен основен проект за реконструкција на Домот на културата ,,Наум Наумоски Борче''-Крушево со ревизија и водење на постапка во систем за одобрување.

**Програма Л0**- спорт и рекреација има **1.013.000,00** . проектирани во основниот буџет за 2025 год.во споредба со планираните 1.078.000,00 со вториот ребалансот од 2024 година.и тука е планира поддршка на повеке спортски манифестации.

**Програма ЛА** - спорт и рекреација - капитални трошоци. Се планира износ од **153.000,00** денари во основниот буџет за 2025 година .Во оваа програма се планираат расходи за изработка на основен проект за уредување на простор на забавно рекреативен парк на м.в Гумења и навабавка на некои неопходни основни средства за спортскста сала.

**Програма Н1-**потпрограма Н1-основно образование- планирано во колона Буџет износ од **1.907.000,00**. Овие средства се палнирани за електрична енергија, дрва, трошоци за комуникација, други материјали, превозни услуги во образованието и одржување на згради се разбира доколку имаат потреба основните училишта во Општина Крушево.

**Програма Н2 –** Средно образование - планиран износ во основниот буџет **250.000,00** . Овие парични средства се планираат за месечна субвенција за секој ученик од Општина Крушево што ќе се запиши во прва година во СОУ ,,Наум Наумоски Борче''- Крушево во учебната 2025-2026 .Месечната субвенција ќе изнесува 3.000,00 и ќе се исплаќа девет месеци за секој запишан редовен ученик од Оштина Крушево во прва година во учебната 2025-2026 година.

**Програма Љ0 –** Заштита и спасување – предлог буџет за 2025 год. **120.000,00** по програмата за Активностите на Општина Крушево во областа на заштитата и спасувањето .

**Програма Р1 –** Заштита на животна средина и природа – предлог буџет за 2025 год. износ **535.000,00.** Во оваа програме е вклучено чистењето на канали и заштитата на животната средина од штетното дејство на водите и изработка на елаборати за заштита на животната средина.

**Програма Њ0 -** противпожарна заштита - расходите наменети за извршување на основните задачи и цели на противпожарната единица се финансираат од основниот буџет на Општината изнесуваат **4.383.000,00** за 2025 год. Од овие планирани средства се исплака плата за двајца пожарникари и разликата од недостатокот на парични средства од наменската дотација за плата добиена од Министерството за одбрана за девет пожарникари.

**Програма за родова еднаквост Џ1 –** Предлог буџет за 2025 год. за оваа програма е **30.000,00**. Овие средства ќе се користат за спроведување на програмата за родова еднаквост.

**2.Буџетот на дотации - 133.076.000,00**

**Блок дотации за дејноста од областа на културата** вкупно 2.993.526,00 заокружен на 2.993.000,00. Се реализира преку три потпрограми и тоа:

**Програма К1**,потпрограма К10- библиотекарство износ 412.000,00

**Програма К2** ,потпрограма К20-музичка и сценска -уметничка дејност износ од 2.265.000,00

**ПрограмаК3**-потпрограма К30-музичка и кинотечна дејност износ од 316.000,00.

Трошењето на овие средства е по ставки и подставки усогласени со потребите на единствениот корисник од оваа дејност , а тоа е домот на културата,, Наум Наумоски Борче''-Крушево.

**Н1-програма** - потпрограма Н10- **основно образование дотација од** 81.704.000,00. Коиснии на оваа блок дотација се два корисници и тоа ООУ ,, Никола Карев'' – Крушево и ОУ ,, Св.Кирил и Методиј'' – Крушево.

**Н2-програма**- **средно образованиедотација во износ од 29.700.000,00 денари.** Корисник е еден и тоа ОСУ-Н.Н.Борче -Гимназија Крушево. Направен е во согласност со годишниот финансиски план доставен од страна на самата институција.

**В1-програма**- **детска градинка** -корисник Детската градинка Гонча Туфа и има на располагање **одобрена дотација** од **11.941.599,00** запкружено на 11.942.000,00**.**

**Ѓ0-програма** -потпрограма Ѓ00- противпожарна заштита има **нрасполагањедотација** од 6.737.000,00 денари како наменска одобрена од централната власт и е наменета за обезбедување на плати за пожарникарската единица.

**3.Буџет на самофинансирање изнесува 4.550.000,00**

Приходи од самостојна дејност има планирано кај корисникот од обласа на културата и тоа во:

| | |
|---|---|
| Програма К1 култура износ | 160.000,00 |
| Програма Н1 ОУ Св.Кирил и Методијс.Бучин | 10.000,00 |
| Програма Н1 ОУ Никола Карев- Крушево | 80.000,00 |
| Програма В1 Детска градинка | 3.900.000,00 |
| Програма Н2 ООУ Наум Наумоски Борче | 400.000,00 |

Во самофинансирачките средства од програма В1 се дел и од средствата наменети за активности за народната кујна трансверирани од централната власт.

**4.Буџет на донации износ 3.097.000,00**

Во буџетот на донации е вклучен грант од програмата ЕРАЗМУС ПЛУС потпишан помеѓу ООУ Никола Карев - Крушево и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност на износ 2.247.000,00 на програма Н1.

Општина Крушево доби известување од УНДП дека се доделени бараните средства од донаторот износ 550.000,00 и износ за кофинансирање на грантот од општина Крушево 315.000,00 од кои 15.000,00 за трошок за управување со проектот. Вкупно буџетирани средства за овој проект се **850.000,00**.

За тоа како е структурата на буџетските расходи по функциите на ЕЛС-може да се види од прегледот **Буџетски расходи по функции на ЕЛС и функционалните расходи по потпрограми -** прилог во печатената форма на предлог Буџетот за 2024 година.

Советот на Општината треба да го донесе буџетот на општината за 2025 година и Одлуката за извршување на Буџетот на општината за 2025 година најдоцна до 31.12.2024 година, а со негова примена од 01.01.2025 година, после неговото вчитување.

Во насока на непречено одвивање на платниот промет на Општината потребно е донесениот буџет да се достави веднаш по донесувањето во печатена и во електронска форма со цел да се вчита во сектор трезор и пристапување кон реализација по 01.01.2025 година.

Предлог Буџетот 202 година е доставен на разгледување и за усвојување до членовите на Советот на Општината во печатена форма

во прегледи како е пропишаната форма на Буџетот,усогласена со формата на Буџетот на РСМ.

Прилог на Буџетот за 2025 година е и стратешкиот буџет за 2025 и 2026 година-преглед на приходи и преглед на расходи по потставки посебно за 2026 посебно за 2027 година.Овие Буџети се изработуваат со процент во рамките на процентот за пораст на бруто домашниот производ.Во овој случај земено е пораст од 2,00 % за 2026 година во однос на проектираниот буџет за фискалната 2025 година ,односно процент од 4,00 % за буџетот за 2027 година.

Проектираниот Буџетот за 2026 и 2027 година не значи дека ќе биде донесен буџет за 2026 и 2027 година. За секоја посебна година се носи буџет по редовна постапка,а во согласност со Законот за донесување на Буџетот на ЕЛС.

Општина Крушево

Раководител на одд.за финан.прашања

Милка Најденоска Цветкоска

---------------------------------------